ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
До: ЈАВНОСТА
Дата: 23 .11.2010

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## РЕДОВЕН СОСТАНОК НА ФЗОМ СО ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПАЦИЕНТИ

## ЗА ПОЗИТИВНАТА ЛИСТА НА ЛЕКОВИ

Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) ја информира јавноста за следново:

На редовниот состанок одржан со здруженијата на пациенти на Македонија, се разговараше за неколку точки меѓу кои и за ефектите од воведување на новата методологија за референтни цени за примарната здравствена заштита и иницијативата на ФЗОМ за проширување на позитивната листа на лекови со скапи, наместо со лекови кои чинат до 25 денари.

Заедничка констатација на Фондот и на здруженијата беше дека , согласно новата методологија, сега има 3 пати повеќе лекови без доплата отколку во претходниот период и снабденоста на лекови е значително подобрена, така што лековите секогаш се достапни во аптеките.

Што се однесува до иницијативата на ФЗОМ за проширување на позитивната листа со скапи лекови на сметка на лековите кои чинат до 25 денари, на средбата беше договорено здруженијата да се состанат со своите членови и да им ја презентираат иницијативата на Фондот. Ставовите на здруженијата наредната недела ќе му бидат презентирани на Фондот. На средбата, сите засегнатите страни се согласија дека ФЗОМ има ограничени средства, а кон него се упатуваат неограничени барања.

ФЗОМ, како и секогаш, транспарентно и јавно дебатира и се консултира со сите чинители на здравствениот систем на Република Македонија, а и во случајов ќе ги почитува ставовите на здруженијата.

ФЗОМ и понатаму е отворен за сите предлози и идеи со кои би се ревидирала и унапредила позитивната листа на лекови со нови лекови во рамките на ограничениот буџет.

Фонд за Здравствено осигурување на Македонија